

# НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА 27 АПРИЛ 2017 ГОДИНА

Здружение на новинарите на Македонија

# НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА 27 АПРИЛ 2017 ГОДИНА

**Автори:**
Душица Мрѓа, новинар
Енис Муртези, новинар
Христина Беловска, новинар

**Уредено од:**
Драган Секуловски и Дениз Сулејман

**Лектура:**
Љубинка Ајтовска

**Фотографија:**
Медиумска информативна агенција - МИА

Декември 2019 година, Скопје

Оваа публикација беше подготвена во рамките на проектот „Безбедни новинари за кредибилни информации во Македонија" поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЗНМ и авторите и во никој случај не може да се смета дека ја одразува позицијата на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

**Издавач: Здружение на новинарите на Македонија**

Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Драган Секуловски, директор на проектот
Тел: 00389 (02) 3298-139 е-пошта: contact@znm.org.mk

# СОДРЖИНА

1. Декември 2019 година, две години и осум месеци по „Крвавиот четврток“ од 27 април 2017 3

2. Нападот врз новинарите во Собрание од призмата на политичките чинители 12

2.1. „Ја делевме истата судбина“ 13

2.2. „Тој ден никој не беше сигурен“ 14

2.3. Партиите за крвавиот четврток и нападот врз новинарите 15

2.4. Новинарите го жртвуваа својот живот за да ги пренесат крвавите сцени 18

3. Судската разврска за нападнатите новинари на 27 април 19

3.1. Кривична одговорност 19

3.2. Главната предистрага за кривична заштита на новинарите две и пол години „во лер“ 21

3.3. Случајот со нападнат сниматег талка низ судски лавиринти две години 23

3.4. Патот до правдата е покус во граѓанска постапка 25

3.5. Озаконување на безбедноста на новинарите 26

# 1. ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА, ДВЕ ГОДИНИ И ОСУМ МЕСЕЦИ ПО „КРВАВИОТ ЧЕТВРТОК“ ОД 27 АПРИЛ 2017

Собранискиот прес центар, онаа сала каде се одвиваше вистинска крвава драма одамна е во функција. Оттаму пратениците секојдневно одржуваат прес конференции, даваат изјави, новинарите се јавуваат во вестите... Освен дупката од куршумот на таванот, веќе ништо не сведочи дека тука не така одамна се одиграла таква драма.

Често во оваа сала се наоѓаат пратениците кои таа ноќ беа заробени и приклештени во аглите на просторијата, дел од нивните колеги кои ги бранеа, но и оние пратеници кои им овозможија на насилниците да влезат и да тепаат. Ретко кој од нив го спомнува овој настан. Секој од свои причини.

Во прес центарот често се и новинарите.  Меѓутоа, ретко и малкумина од оние кои 27 април го поминаа таму се потсетуваат на тоа дека тогаш го преживеале најтрауматичното деноноќие во животот. Ентузијазмот дека 27 април нема да остане незавршена приказна речиси и го нема. Амнестијата на дел од директно одговорните, кои уште се шетаат по собраниските ходници ја уби надежта за правда. Пресуди за насилниците и за дел од одговорните има, но никој не е осуден со казна затвор за повреда на новинар, снимател или фоторепортер. Останаа многу дилеми и неодговорени прашања.

27 април 2017 година. Нов собраниски ден кога на Конститутивната седница за новиот собраниски состав повторно продолжуваат долгите дебати меѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. На таа седница се очекува мнозинството преводено од СДСМ да го изгласа Талат Џафери за Претседател на Собранието.

Околу 13.30 часот, пратеникот и претседател на СДСМ Зоран Заев се јавува за збор. Од Собраниската говорница вели дека трпението на мнозинството што го предводи е пред крај. „За да се избере Претседател

на Собранието потребни се 61 глас, не е битно каде ќе биде изборот. Може на скали, може во ресторанот или во некоја од собраниските сали" – им порачува Заев на колегите од ВМРО-ДПМНЕ.

Нервозата станува очигледна, напнатоста може да се сече со нож, пратениците се раздвижуваат, особено оние од ВМРО-ДПМНЕ. Влегуваат и излегуваат од салата.

Околу 14 часот, претседавачот со седницата Трајко Вељаноски дава пауза. Заев најавува прес конференција во новинарскиот прес центар. Повторува дека новото мнозинство е подготвено наскоро да го избере Талат Џафери за Претседател на Собранието. Не кажува точно кога.

Потоа, Антонијо Милошоски на прес конференција тврди дека најавата на Зоран Заев значи упад во демократијата и работата на Собранието, но и „втурнување на државата во уште поголема криза и тензии".

Околу 17.50 часот репликите и контра репликите меѓу пратениците од ВМРО-ДПМНЕ се уште траат. Пратеникот од СДСМ Оливер Спасовски од собраниската говорница бара да се премине на следната точка - гласање за Претседател на Собранието. Вељаноски не го дозволува тоа, со изговор дека има уште пријавени за збор. Пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ Крсто Мукоски излегува на говорница, почнува да ја пее македонската химна и сите пратеници стануваат. Потоа продолжува со песната „Едно име имаме", а пратениците од ВМРО-ДПМНЕ скандираат „избори, избори!". Пратениот од Беса, Зекирија Ибрахими, иако не пријавен, добива збор процедурално и почнува да ја пее албанската химна. Пратениците седнуваат додека микрофонот му останува вклучен.

Во 18 часот Трајко Вељаноски ја затвора седницата и заминува. Повеќето пратеници остануваат во салата. Таму се пратениците од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, Алијансата за Албанците и ДУИ, иако Али Ахмети не е присутен. Тука се и новинарите. Се чувствува напнатост и тензија. Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ја преземаат и окупираат говорницата. Пратениците од СДСМ одлучуваат да преминат на следната точка - избор на Претседател на Собранието. Најстариот пратеник Бранко Манојловски во моментот не е во салата. Втор по возраст е Ферид Мухиќ кој го предава водството на пратеникот Горан Мисовски како заменик. Од собраниските редови Горан Мисовски повикува да се гласа за Талат Џафери за Претседател. Пратениците од ВМРО-ДПМНЕ скандираат „Ова е пуч, ова е пуч!".

Мнозинството гласа - Мисовски констатира 61 глас „ЗА" и му честитаат на Талат Џафери. Џафери најавува прес конференција, а во прес центарот присутни се пратениците од мнозинството.

Во 19 часот од Собранието се обраќа новоизбраниот претседател Џафери, а истовремено има пренос во живо на ТВ НОВА, телевизија која веќе не постои. Масата луѓе кои секој ден, со денови протестира од 18 часот ја прескокнаа оградата и се собраа пред главната врата на Собранието. Следниот миг вратата се отвори и демонстрантите влегоа внатре. Почнаа да се слушаат извици, викотници, и пцуење. Новиот претседател на Собранието добива знак од сопартијците да го заврши обраќањето. Со цел да го спречат влегувањето, ја затвораат и заклучуваат вратата и ја вадат бравата. Џафери, Заев, Спасовски, Манчевски, Села и Димитриевски ги вадат вратоврските. Жените пратенички од галеријата се симнуваат во долниот дел од Прес центарот, при што попушта импровизираната скала од работните маси. Демонстрантите се веќе пред вратата. Гласно се слушаат удари на вратата и викотници. Вратата попушта и во прес центарот влегува разгневената толпа луѓе. Дел од нив носат црни маски и црни маички и личи како да ја координираат масата.

Еден од новинарите кои тој ден известуваа од собранието е и **Горан Трпеноски**, кој при упадот се наоѓаше во прес центарот.

> *Насилниците почнаа да маваат со сè што најдоа во салата, урлаа... Заев и другите пратеници беа нападнати и беа повредени, скоро сите беа со раскрвавени глави и пукнати носови. Пратеникот Зијадин Села беше претепан скоро до смрт. Дел од новинарите избегаа, но јас останав заедно со други колеги. Бидејќи бев на работа како новинар, моја должност беше кога видов што се случува да ја алармирам јавноста дека се случува организиран напад на Собранието и со тоа да се пратат апели надлежните да реагираат. Дури едно време немаше доволно луѓе да стојат во живиот ѕид кои ги бранеше Заев, Џафери и другите пратеници. Да не дојдеше пратеникот Влатко Ѓорчев, да ги брани Заев и останатите, денес друга ќе беше македонската историја. Панично ме замоли да застанам во живиот ѕид да помогнам, оти немало доволно луѓе. Кога веќе беа испратени доволно слики и извештаи до јавноста, а и цркнаа батериите на телефоните, до интервенцијата на полицијата бев во живиот ѕид кој ги штитеше пратениците од насилниците кои останаа во прес салата. Хаос. Обезбедување и полиција немаше.*

*Скоро два саати животите ни беа оставени на милост на напаѓачите, полиција тек после два саати дојде да не извлече. Страници можам да испишам за 27-ми април, ден кој сакам да го заборавам. Следниот ден дојдов во Собранието на местото на нападот. Се расчистуваа остатоците, а и чекавме да дојде МВР да ја отвори собраниската прес сала. Ги коментиравме настаните, но тоа е животот и новинарската професија која ја сакам. Продолжив да работам како ништо да не се случило. Но, за целата ситуација колку била опасна по живот свесен станав тек после неколку дена, кога помина адреналинот и кога ги прегледував видеата и сликите и ги гледав вестите. Да не се повтори!*

Учесниците во толпата во прес центарот удираа со сè што ќе им дојде до рака. Наеднаш се слушна истрел од пиштол што го привлече целото внимание во прес центарот. Толпата за момент подзастана, за да продолжи уште поразгневена. Лидерот на Алијансата за Албанците веќе се наоѓа на подот, лицето му е облеано во крв. Крвнички го удираа со клоци главата. Неколкумина го фатија под рацете и почнаа да го влечат.

**Димитар Тануров** е новинар кој тогаш известуваше за новинската агенција *Мета.* Тој е еден од потешко повредените новинари во насилствата на „Крвавиот четврток". Речиси три години по 27 април Тануров вели дека последиците од анархијата која ја погребала демократијата тој ден ќе бидат вечни.

*„Кога човек ќе умре, неговите најблиски остануваат да се справат со загубата, тагувајќи. Според христијанството, на починатиот му се оддава почит до третата година од неговата смрт, а во тој временски период неговите најблиски минуваат низ пет фази: негирање, гнев, „пазарење", депресија и прифаќање дека животот продолжува без починатиот. Наскоро се навршуваат три години од 27 април познат како „крвавиот четврток" – денот кога анархијата ја погуби демократијата, а слободата на информирање беше линчувана. Тој ден никој не можеше да поверува во тоа што се случува, ниту оние кои шокирано ги следеа настаните пред ТВ екраните или на социјалните мрежи, ниту пак новинарите кои додека известуваа за хаосот станаа подвижна мета. Бев нападнат и крвнички претепан затоа што снимав. На вратот имав закачено прес - картичка, но тоа дополнително ги разгневи, особено кога видоа за кој медиум работам. По првиот удар се*

*струполив на земја, а потоа 5-6 лица со тупаници и клоци ме удираа во пределот на главата и стомакот, обидувајќи се да ми го одземат телефонот на кој ги имав снимките. Во еден момент успеаја да ми го одземат, но не престанаа крвнички да ме удираат. Имав чувство како тоа да трае цела вечност, дека никогаш нема да запрат и дека секој здив може да ми биде последен. Во еден момент слушнав некој глас, како вика „оставете го, колега ми е... ОК човек и новинар е!" и истиот тој, чие лице за жал не успеав да го запомнам, почна да ме влече и успеа да ме извади од салата... Нешто подоцна, додека збунето, со крваво лице стоев пред салата ми пријде момче, кое ме повика да појдам со него за да ме изнесе надвор.*

*Со недоверба гледав во него и се колебав дали да тргнам по него, затоа што не знаев дали намерите му се искрени или можеби ќе паднам во некоја нова заседа. Сепак, решив да го послушам. Ставајќи ми крпа на лицето ме изнесе надвор од Собранието, а попатно на толпата им велеше „од нашите е, не сакајќи го повределе". На овие двајца, чиј идентитет и денеска не го знам, сум им бескрајно благодарен. Да не беа тие веројатно немаше да завршам само со потрес на мозок. Нападот го пријавив во полиција и идентификував еден од неколкуте напаѓачи, но случајот е заведен како разбојништво. Речиси 10 дена не можев да добијам потврда дека сум го пријавил случајот, а обвинителството ме повика да дадам исказ речиси шест месеци подоцна. Можеби споредбата на овој ужасен настан со поглед во смртта делува преувеличено, но имајќи го предвид тоа што го преживеавме и низ кои фази минавме по настанот, се повеќе наликува на тоа.*

*Оваа црна дамка во историјата на државата требаше да биде пресврт за повторно раѓање на демократијата, слободата на информирање, правната држава, за ставање крај на неказнивоста и за враќање на довербата во институциите на системот. Последните случувања во земјата сè повеќе укажуваат на тоа дека сега сме во претпоследната фаза од тагувањето – депресија, по која ќе мора да се помириме и да продолжиме со животот понатаму. Не радо зборувам за „Крвавиот четврток", за тоа што го видов со сопствени очи, го почувствував на сопствена кожа, како и за настаните кои следеа потоа. Никој не заслужува тоа да го преживее."*

**Зимер Јашари,** новинар од *ТВ 21* целиот ден го поминува во Собранието. Додека толпата дивее во прес центарот, навредите се на национална база, со националистичка, шовинистичка и навредлива и реторика за Албанците. Јашари им станува мета на насилниците.

*„Целата ситуација ескалираше за кратко време, а ние почнавме да бегаме низ ходниците, да се криеме и да бараме начин да излеземе од законодавниот дом. Три лица ме натераа да влезам во бифето, обвинувајќи ме дека сум Албанец и велејќи ми дека „нашите сестри и жени се убави“ и барајќи ми да им образложам што ќе известам за овие настани. Ме навредуваа со погрдни зборови. Она што најмногу ме зачудува е тоа што покрај физичкото насилство што го преживеав, а од кое и ден денеска имам последици и болки во колената и ногата, повреди со кои се здобив во обид да избегам преку столчињата, јас ја тужев и државата, но до денеска немам никаква реакција за мојата пријава. Новинарите, снимателите и сите медиумски претставници на терен се оние кои се даваат најмногу, кои се најмалку платени и се најдобрите бранители на најдобрата професија во светот - новинарството. Не само што треба да се заштитат и поддржат, туку треба и да им се помогне, со оглед на тоа што честопати се измеѓу три огнови: демонстрантите, полицијата и уредувачката политика. Тие се луѓе кои немаат одредено работно време, работат и дење и ноќе, на дожд и на сонце, понекогаш дури и се гушат во солзавец. Сакаме правда за нашата работа.“*

И **Искра Опетческа** на „Крвавиот четврток" од Собранието известуваше за *ТВ 21*. Тој ден и таа беше повредена. Три години подоцна сведочи дека оние кои го преживеаја 27 април во Собранието треба во иднина да го слават тој датум како втор роденден.

*„Ниту три години подоцна, ниту следните дваесет од глава нема да ми излезе крвта што тој ден ја видов во очите на упаднатите во Собранието. Се уште морници ме лазат од помислата како сиот насобран гнев за сè нешто, таа вечер беше истурен врз секој кој им се најде на патот на напаѓачите. Се уште барам објаснување што се случи тој ден. Денот што требаше да биде празник на демократијата се претвори во ден на крвта, ден на неизвесноста, ден на мирисот на барутот и ден што после сè, веројатно треба да биде втор роденден*

*на сите нас што таа вечер бевме на работна задача во Собранието. Три години подоцна, но и уште дваесет отсега нема да ми исчезне чувството на тага, бес, гнев, немоќ. Во тие моменти се запознав со внатрешната сила за која можеби и не знаев дека ја имам, што ми помогна да ја задржам разумноста, смиреноста и рационалноста. Горда сум на својот професионален ангажман тој ден, но и среќна што заврши без загубени човечки животи.“*

**Габриела Димковиќ Мишевска** на 27 април во Собранието исто тка известуваше за порталот *А1он* и агенцијата „*Макфакс*". Таа се наоѓала во законодавниот дом се до моментот на евакуација на пратениците, новинарите и собраниските служби. Известува од насилството во прес центарот, собраниската сала, но и од собраниските ходници. Таа сведочи дека траумите и стресот, како и крвавите „флешбекови" ја следат долго по 27 април. Вели, најстрашно од сѐ е што правдата за новинарите и три години подоцна ја нема.

*„27 април 2017 година беше и ќе остане најдолгиот ден во мојот живот. Тој тензичен ден во Собранието кој кулминираше со брутално насилство и крвави сцени не е лесно да се заборави. Тој ден ме промени како личност и како новинар, можам да речам дека созреав, но не отрпнав на траумите кои ги донесе. После овој настан веќе ништо не може да ме изненади. Долго после 27 април имав непреспиени ноќи, чудни соништа од кои сред ноќ се будев. Долго време сонував дека избила војна, а јас сум на задача да известувам. Во тој период ми беше важно да го сочувам умот и здравјето, затоа што непосредно по настаните останав бремена и морав да се грижам и за другиот живот кој се развиваше во мене. И покрај тоа, морав да давам изјави во обвинителство во својство на сведок да се потсетувам и да ги преживувам траумите повторно. Ова се моменти кои не се заборааваат. Епилогот од целата ситуација воопшто не ме радува, во однос на оние кои требаше да бидат казнети. Осудена е една група која била дел од организацијата, но правдата не е задоволена до крај. Не знам каков ќе биде епилогот од постапката за обесштетување што ја поднесовме со мојот колега снимател кој имаше потрес на мозокот, но знам дека не сакам да простам. Ова е настан кој не заслужува прочка, туку одговорност без селективна правда и мачкање очи. Адвокатот кој ја води нашата постапка ни порача да не очекуваме премногу кога бараме обесштетување од државата. Зошто никој не поведе сметка да ги заштити новинарите и снимателите*

*кои можеа да бидат мета на гневната толпа? Јас не заборавам, не простувам, барам одговори и ќе барам додека не се обелодени целата вистина!“*

**Бранко Ѓорговски** во тоа време е помошник уредник во *Дневник*. Се наоѓаше во Собранието како новинар. Заедно со Горан Трпеноски го прифатија повикот на Влатко Ѓорчев и застанаа во живиот штит меѓу пратениците и насилниците. Денес, речиси три години потоа се сомнева дека некој решил нападот да не се спроведе до крај. Според неговото сведочење дури и полицајците на некој начин биле соучесници во нападот.

*„Акцијата на полицијата делуваше како само да треба да изгледа како вистинска полициска акција за вадење на пратениците. Полицијата во тие моменти немаше отпор од протестантите и сè практично веќе беше завршено. Најмногу заради тоа што оние кои стоеја во задните редови едноставно не се решија да напаѓаат, туку само да даваат револтирани изјави. Ако имало сценарио за воведување на воена состојба, тоа било откажано уште пред самиот упад. Тоа ми беше јасно во тие часови додека траеја настаните и бев сигурен дека така ќе заврши. Заради ова не сметам дека осудените за 27 април се терористи и дека направија кривично дело тероризам кое требаше така строго да се казни.“*

**Душица Мрѓа** е собраниски известувач која најмалку 15 години од Собранието известува секојдневно. Вели дека од „авион" се гледало дека тој ден ќе биде поинаков, бидејќи целиот ден се чувствувало нервоза и тензија. Душица се наоѓала во прес центарот кога упаднала толпата. Прво ги забележала маскираните насилници и впечатокот веднаш бил дека точно знаеле каде одат и кого бараат. Известувала преку телефон во програмата во живо. Добила неколку удари по главата и повреда на рамото.

*„Веднаш ме удри адреналинот. Барав каков и да е начин да стапам во контакт со ТВ 24 за да известам што се случува. Како напредуваше лудилото, така се зголемуваше и стравот. Не бев одговорна само за себе, туку мислев и на мојата екипа од ТВ 24. Знаев дека колку сум јас погласна и подетална во етер, толку шансите да се преживее*

*се поголеми за сите. Тоа што демонстрантите и насилниците ме препознаваа од екраните за мене беше дополнителен хендикеп. Предавничка, сороспија, слуга на Заев, шиптарска курва беа само дел од навредите со кои ме „почестија“. Ме удрија од ѕид, добив толку јак удар по раката што рамото и ден денес ме боли. Добив и удар по лицето. Кога побарав помош од член на собраниското обезбедување за Наташа Стојановска, која ја затворија во една сала сама со четворица демонстранти, добив одговор „Не можам ништо да направам“. Локвата крв од лицето на Зијадин Села со ноќи ме прогонуваше.*

*Пред да пукнат димните бомби во прес центарот, на снимка на Фејсбук се гледа дека сум опколена и како со сета сила се обидувам да истуркам еден од насилниците, викајќи му дека не можам да дишам. Пред да влезат специјалците за да не извадат, јас навистина се гушев. Тогаш помислив – готово е, жива не излегувам оттука. Три години подоцна вивидно го паметам секој детаљ од „Крвавиот четврток“. Мојата порака е дека ако нема правда за таа крв, нема никогаш државата да има мир. А селективна правда, надградена  проширена со селективна амнестија не е правда. Јас не заборавам и не простувам, затоа што таа ноќ државата беше спуштена на колена, а сите ние линчувани“.*

Во 22 часот надвор беше темно. Чадот од димните бомби се повеќе се шireше низ Собранието. Се слушаа извици и кршење на стакло. Новинарите ја чекаат својата евакуација. Сведочат дека по влегувањето на полицијата настапила тишина. Евакуационен центар беше канцеларијата на Влатко Ѓорчев. Таму имаше пратеници и новинари, некои со крави глави, со скршени носови, а некои со искината облека, Таму беа и Зоран Заев и Талат Џафери. По еден час се направија кордони за евакуација. Дел од новинарите ја напуштија локацијата не чекајќи ги полицајците, на сопствена одговорност.

**Заклучок: „Нема правда , нема мир “ - навремено извикуваа т.н шарени револуционери. Три години од „крвавиот четврток“, а новинарите, снимателите, фоторепортерите кои таа ноќ изгубија надеж дека ќе го напуштат Собранието живи се едногласни - нив правдата ги одмина.**

# 2. НАПАДОТ ВРЗ НОВИНАРИТЕ ВО СОБРАНИЕ ОД ПРИЗМАТА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ЧИНИТЕЛИ

На "Крвавиот четврток" - 27 април 2017 година, од толпата која насилно влезе во Собранието на Република Македонија не беа поштедени ниту новинарите, снимателите и фоторепортерите. И тие беа мета на насилство која остави црна дамка врз демократијата во Македонија. После крвавиот инцидент, Здружението на Новинарите на Македонија на 08 мај 2017 година, ги повика новинарите да ги тужат виновниците за претрпената штета, притоа обезбедувајќи им бесплатна правна помош.

> *Од ЗНМ ќе биде понудена правна помошна сите новинари што биле физички нападнати или изложени на разни притисоци и закани при извршување на нивните професионални обврски или пак им била оштетена опремата. ЗНМ сака да ги охрабри сите новинари да го кренат својот глас против нападите и притисоците на кои се изложени последниот период и со тоа да пратат порака до јавноста и институциите дека тие повеќе нема да го премолчуваат насилството на кое се изложени.*

Од новинарите беше покрената и иницијатива за тужба кон државата за утврдување и надомест на предизвиканата штета. На иницијативата се приклучија над 15 новинари и новинарски работници.

На денот кога беше објавена оваа иницијатива, 28 декември 2018 година, еден од организаторите, новинарот Горан Трпеновски рече дека новинарите со своето известување придонесоа инцидентот да заврши без потешки последици. *„Нашето известување придонесе да нема потешки последици, убиство. Нашето присуство придонесе сѐ ова да заврши како што заврши“*, рече Трпеновски.[1]

[1] Објавено на макфакс: https://makfax.com.mk/makedonija/makedonija/новинарите-бараат-правда-за-27-април-ќе/

## 2.1. „Ја делевме истата судбина"

По изборот на Талат Џафери за нов спикер на 27 април 2017 година се случи хаосот во Собранието на Македонија. Својата прва официјална средба после изборот ја оствари со заменик помошникот државен секретар на САД за Европа и Евроазија, Хојт Брајан Ји. По средбата изјави дека се надева дека ситуацијата ќе се врати во нормала, а повредените пратеници што побрзо ќе се вратат дома и на работните места.[2]

Талат Џафери за ова истражување изјави дека 27 април 2017 година на ниту еден начин не смееше да и се случи на Република Северна Македонија.

Според него, новинарите, снимателите и фоторепортерите кои беа нападнати тој ден, ја делеле истата судбина како и сите други кои во тој момент се најдоа во Собранието.

> *“За жал судбината на новинарите беше поделена со судбината на пратениците и сите други кои се најдоа во Собранието. Така што, тоа е неделива судбина, не може да се одвои судбина на пратеници, на администрација или на новинари. Но, како целина е нешто што не смееше никогаш да се случи. Во овој контекст се најдоа и новинарите, кои можеле и не можеле да се идентификуваат, и во таа толпа, ја делеле судбината со сите нас што бевме пред таа ситуација*“, изјави Џафери.

Првиот човек на Собранието, констатира дека се направени пропусти од безбедносен аспект што довеле до нападот од 27 април 2017 година. Според него, тие имаат преземено неколку иницијативи за да се подобри тој дел, и на сите што работат во Собранието, вклучувајќи ги и новинарите, за никогаш повеќе да не се повтори „Крвавиот четврток".

[2] Објавено на мкд њуз: https://mkd-news.com/dhaferi-se-nadevam-deka-situatsijata-ke-se-vrati-vo-normala-video/

> *“Ние веќе имаме иницирано постапка за реформирање на системот на функционирање на Собранието и неговата независност со три клучни точки за работење, меѓу кои една од нив е и независноста на внатрешното обезбедување кои треба да биде во целосна хиерархиска компетенција на Собранието, со цел да се спречи надворешното влијание во делувањето, носењето на одлуки и имплементирање на она што е наредувачки аспект за извршување на функцијата што ја има внатрешното обезбедување“*, изјави Џафери.

Талат Џафери ги поттикнува новинарите, снимателите, и сите тие што на некаков начин претрпеа штета на 27 април да побараат обесштетување.

> *„Секој еден допрен со дело кое извира од дело што е недозволено кон институцијата, еден за еден, треба да се декларираат за барањата за обесштетување. Можеби овде е почетната точка, да секој, на индивидуален начин, вклучувајќи ги и медиумите, ако не и самите новинарски куќи кои ги акредитирале новинарите да бараат обесштетување. Правото на новинарите и на медиумите извира од сите закони, кои го заокружуваат целиот процес кој што се води пред надлежните органи“*, изјави Џафери.

## 2.2. „Тој ден никој не беше сигурен“

Меѓу напаѓачите на "Крвавиот четврток" во Собранието имаше и припадници на полицијата. Тие физички напаѓале и им се заканувале на новинари.[3] После доаѓањето на должност, Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасковски, изјави дека очигледно некој ја злоупотребил својата должност за да изврши напад врз пратениците и врз новинарите. Од работа беа суспендирани 23 полицајци додека беа поведени над 40 дисциплински постапки.[4]

[3] Соопштение на ЗНМ: https://znm.org.mk/знм-бара-казнување-на-насилството-про/
[4] Објава на И-портал https://iportal.mk/makedonija/spasovski-ochigledno-e-deka-nekoj-ja-zloupotrebil-svojata-polozhba-za-napad-vrz-novinarite-i-pratenicite/

Според министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, на тој ден, 27 април 2017 година, никој не беше сигурен.

> *"Потпирајќи се и на моето лично искуство – никој тој ден не беше сигурен во објектот на Собранието, ниту ние како пратеници ниту новинарите кои што беа на службени задачи. Впрочем, веќе има и правосилни судски пресуди, докази, сведоштва така што навистина од оваа перспектива можам само да констатирам дека никогаш повеќе не смее да се дозволи такво нешто"*, изјави министерот Спасовски.

Тој додава дека 27 април веќе никогаш не може да се повтори во Македонија. Спасовски вели дека по започнување на нивниот мандат дале јасно до знаење дека сите напади на новинари ќе бидат расчистени.

> *"Од јуни 2017 наваму нема ниту еден нерасчистен физички напад на новинар, а сведоци сте и вие дека токму таквото брзо расчистување придонесе нападите на новинарите да се сведат на минимално ниво"*, изјави Спасовски.

Спасовски во врска со обесштетувањето кон новинарите за претрпената штета вели дека нема дилема дека тоа треба да се случи.

## 2.3. Партиите за крвавиот четврток и нападот врз новинарите

На крвавиот четврток со нападот врз пратениците, вработените во Собранието, новинарите и снимателите, беа нападнати демократијата, уставниот поредок но и слободата на мислење и изразување. Вака велат од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ). Според нив без разлика дали станува збор за новинари, сниматели, пратеници или вработени во Собранието, сите беа цел на насилници.

> *“Овој настан покажа колку големо зло за граѓаните и државата може да донесат партизирани и нефункционални институции, какви што создаде режимот на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа беше последица на „заробената држава“. Наместо да им служат на граѓаните и на државата, институциите им служеа исклучиво на криминалните интереси на врвот на ВМРО-ДПМНЕ на чело со Никола Груевски“,* рекоа од СДСМ.

Нивен предизвик, велат од СДСМ, е во периодот што престои да се професионализираат сите институции и да се подобрат условите за работа на новинарите.

> *“Како одговорна политичка партија, предводник на Владата, преку институциите преземаме мерки за подобрување на условите на работа на новинарите, особено нивната безбедност при работа. Свесни сме дека во тој дел се уште има предизвици, но во соработка и со институциите и со новинарските здруженија активно работиме на подигнување на безбедноста на новинарите, снимателите и фоторепортерите“.*

Од ВМРО-ДПМНЕ, која беше обвинувана дека стои зад протестите на „За заедничка Македонија„ кои делумно го испровоцираа упадот во Собранието, велат дека секој вид на насилство е за осуда. Според нив, новинарите согласно законите на Република Македонија треба да бидат обесштетени согласно претрпената штета што им било нанесено на било каков начин.

> *„Новинарите биле и остануваат глас на јавноста. Слободата на говор и критичките медиуми се фундаменти на секоја демократија. Новинарите мора да ги уживаат сите права и да бидат максимално заштитени при нивната работа“,* велат од ВМРО-ДПМНЕ.

Освен тоа, од ВМРО-ДПМНЕ, велат дека за да не се повторат немилите сцени, потребно е повисока свест кај политичките чинители. Тие додаваат

дека во нивната програма ќе предвидат решенија за подобрување на условите за работа на медиумите и новинарите.

> *„Ви стоиме на располагање и на вам и на сите заинтересирани за да ни понудите сугестии околу проблемите и потребите со кои се соочувате во работењето бидејќи како што може да се види свеста на власта во моментот е многу ниска. Ние сме тука и подготвени сме преку заеднички иницијативи да работиме за подобра професионална работна атмосфера на новинарите и медиумските работници“*, изјавија од ВМРО-ДПМНЕ.

Од Алијансата за Албанците, кои исто така беа засегнати од случувањата на 27 април, бидејќи нивниот лидер Зијадин Села беше еден од најтешко повредените, рекоа дека во овие две години најмалку се зборуваше токму за новинарите кои во Собранието присуствуваа за да ја вршат својата работа.

> *„Одговорните лица треба да одговараат за стореното, и најмногу за штетата направена врз тие што беа таму за да ја завршат нивната должност. Во овој случај зборуваме за новинарите за кои најмалку се зборуваше цели овие две години. Затоа Алијансата за Албанците бараше и продолжува да бара одговорност, како и обесштетување за сите лица кои претрпеа насилство. Тие што дигнаа рака против Собранието и новинарите, дигнаа рака против демократијата и според законите на нашата земја не треба да останат неказнети“*, изјавија од Алијансата за Албанците.

## 2.4. Новинарите го жртвуваа својот живот за да ги пренесат крвавите сцени

Марина Тунева, Извршен директор на Советот за етика во медиумите (СЕММ), изјави дека многу колеги новинари, сниматели и фоторепортери овозможија јавноста да види што се случуваше тој ден, во тој "кафез", додека ужасот сè уште беше во етер и по цена и на својот живот. Според неа тоа беше ден кога потфрли или по којзнае кој пат се самоотфрли системот, денот на едно цивилизациско дно, потврда за постоењето на еден океан на хаос, темнина и декаденција.

> *“Нападите што се случија тој ден беа, всушност, и напад на правото на јавноста да знае за случувањата, на демократските вредности, на концептот на вистината. Ваквите случувања праќаат порака на „оправданост“ на насилството и нападите врз новинари и медиумски работници и во други околности“*, изјави Марина Тунева од СЕММ.

Таа додава дека власта мора јавно, недвосмислено и систематски да го осудува секое насилство, заплашување, закани и напади врз новинарите и медиумските работници.

> *“Неказнивоста е сериозна пречка, а истрагата и гонењето кривични дела против новинарите и медиумските работници во сите околности треба итно да се спроведат. Власта е таа што е во „уникатна“ позиција да помогне да се стави крај на насилството и штетите врз медиумите“*, рече Тунева.

Тунева додава дека клучно е, пред сè, да се менува досегашниот политички дискурс кој што неретко медиумите ги прикажува како „непријатели". Политичките лидери, креаторите на јавното мислењето треба да ги штитат медиумите и медиумските работници како предност на демократијата, а не да ја отежнуваат нивната работа.

# 3. СУДСКАТА РАЗВРСКА ЗА НАПАДНАТИТЕ НОВИНАРИ НА 27 АПРИЛ

Во кривично-правна смисла новинарите имаат својство на „лица кои вршат работа од јавен интерес". Опфатени се во Кривичниот законик во членот 122. став 9. кој гласи:

> *„Како лице кое врши работи од јавен интерес се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, нотар, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице кое врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон".*

Но, овој опис не им дава привилегии на новинарите, ниту пак поголема заштита од кој било друг граѓанин во државата. Физичките напади врз медиумските претставници за време на собранискиот упад, заедно со бројката на повредени пратеници се регистрирани како тежок удар врз демократијата. Како аргумент за сторување на кривично дело и обвинителството и судот, во случаите кои произлегоа од собраниските немири, во своите одлуки ги нагласуваат и новинарите како повредени и нападнати. Фреквентноста на употреба на терминот „нападнат новинар" не соодветствува со прогонот и изречените кривични пресуди.

## 3.1. Кривична одговорност

Првите кривични пријави од МВР до Обвинителството беа поднесени три дена после нередите во Собранието. На 30 април 2017-та година, Единицата за насилен криминал во СВР Скопје пријави 15 лица за кривичен прогон. Според дејствијата опишани во пријавата употребиле физичка сила и закани, сториле насилства спрема луѓе и оштетиле имот.

По процесирање на пријавите во скопското обвинителство и поднесување на обвинение, првата пресуда за овој настан е изречена на **23 мај 2017** година, за делото "Учество во толпа која ќе спречи службено лице во вршење службена должност". За деветмина обвинети судот изрече условни осуди.

На 14 јули 2017 година Министерството за внатрешни до Обвинителството за гонење организиран криминал и корупција го поднесе Извештајот со сите информации поврзани со 27 април. Од овој извештај произлегоа посериозните кривични процеси.

Статистиката на Кривичниот суд во Скопје покажува дека жестоката „борба" за демократијата на обвинителна клупа смести 74 лица. Осудените во прв степен имале различна улога, а со тоа и различна висина на казната. За кривичното дело „Насилство" првостепено се осудени вкупно 10 лица, додека 21 лице се неправосилно прогласени за виновни како учесници во толпа која спречила службени лица да работат.

За обидот за убиство на пратеникот од Алијансата за Албанците, Зијадин Села веќе има и правосилна пресуда потврдена од Апелационен суд Скопје. Во бројки, вкупно 81 година затвор за десетмина обвинети. Случајот не е комплетен, бидејќи пред да потврди Апелација, обвинетиот Никола Војминовски побегна од домашен притвор.

Единствен оштетен во оваа постапка е пратеникот Села кој за време на судскиот процес побара 500.000 евра отштета од обвинетите. Висината на оваа материјална отштета пратеникот ја побара поради скапите медицински третмани во странство, каде што се лекуваше по тешките повреди со кои се здоби во Собранието. Во оваа судска постапка сведочеа и новинари како очевидци на насилствата. Најобемниот случај опфати 34 обвинети за терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста кои добија вкупно 211 години затвор. Но, во оваа постапка нема ниту еден оштетен, токму поради квалификацијата на делото која претставува акт против државата.

| Број на предмет | Кривично дело | Број на обвинети |
|---|---|---|
| К-1013/18 | Насилство | 1 лице |
| К-1077/18 | Насилство | 1 лице |
| К-1132/18 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие | 4 лица |
| К-1163/18 | Насилство | 2 лица |
| К-1330/17 | Насилство | 1 лице |
| К-1558/18 | Насилство | 1 лице |
| К-1560/18 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие | 7 лица |
| К-1893/17 | Убиство | 10 лица |
| К-1991/18 | Насилство | 1 лице |
| К-602/18 | Учество во толпа што ќе изврши кривично дело | 1 лице |
| К-701/18 | Насилство | 1 лице |
| К-752/17 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие | 9 лица |
| К-874/18 | Насилство | 2 лица |
| К-990/17 | Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие | 1 лице |
| КОК-40/18<br>КОК-56/18<br>595-87/18<br>Во понатамошниот тек сите три предмети спoени во 40/18 | Терористичко загрозување на уставниот поредок | 34 лица |

(Извор: *Основен Кривичен суд Скопје*)

## 3.2. Главната предистрага за кривична заштита на новинарите две и пол години „во лер“

30 мај 2017 година. Еден месец по Крвавиот четврток во скопското обвинителство е повикана првата новинарка Душица Мрѓа, вработена во Телевизија 24, очевидец на насилствата. Во нејзиниот исказ пред обвинителката Зорица Павловиќ, Мрѓа сведочи дека и физички е нападната од лице со досега неутврден идентитет. Како доказ за насилството врз неа најавува и медицинска документација. Меѓу другото новинарката раскажува и дава опис на дејствијата кои биле извршени како насилен

акт врз останатите присутни во собраниската сала. Шест дена подоцна во Обвинителството на распит се повикани уште двајца новинари и еден снимател од телевизиската куќа Телма, Соња Николовска, Боби Христов и Јане Марковски. За разлика од првиот сведок, тие не пријавуваат физичко насилство за време на известувањето од критичниот ден. Нивното сведочење е фокусирано на опис на дејствијата на напаѓачите кон пратениците. Во следниот период обвинителката за оваа анализа потврдува дека повикала уште дваесетина медиумски работници кои биле присутни во Собранието на 27 април. Но, само во еден случај е идентификуван напаѓач на новинарска екипа.

> *„Повикани се повеќе новинари и сниматели и на главен претрес за кои од снимките можевме да утврдиме кој како ги удрил. Оние кај кои не може да се утврди идентитет е тешко да се гонат. До сега не е доставена медицинска документација од никого од сведоците иако беше најавена“*, вели обвинителката Павловиќ.

Актуелниот шеф на скопското обвинителство Сашо Рајчев за ова истражување појаснува дека случајот го наследил во оваа фаза, а според сите факти главната кочница е во тоа што не е лоцирано ниту едно лице како напаѓач врз новинарите. Најави за некакви поместувања не може да се предвидат од нивните изјави.

> *„На функцијата в.д шеф на ОЈО Скопје бев назначен во декември 2017. Направив увид во сите предмети поврзани со 27 април и конкретно фактите за оваа предистрага се дека полицијата нема поднесено кривична пријава против конкретни лица кои напаѓале новинари. Второ, не е посочено лице кое што ја нападнало новинарката. Од сите искази кои ги поседува обвинителството не е лоцирано ниту едно лице со идентитет. Ние водиме 11 предмети за различни кривични дела кои се произлезени од РО - предметен настан 27 април. Врз основа на тие проверки во координација со МВР, не се утврдени лица“*, вели Рајчев.

Овој случај Основното обвинителство Скопје го отвора откако добива известување од Министерството за внатрешни работи и се уште не

е затворен, односно тапка во место. За текот на оваа постапка не се известени ниту новинарите, ниту нивните правни застапници.

> *„Немаме никаква официјална информација за тој случај во делот на повредените новинари. Ние како застапници на неколкумина од нив се уште немаме известување од обвинителството до каде е постапката. Со оглед на фактот дека сега постои опасност од застарување на граѓанската постапка ние прибираме документација со тие новинари што ќе одлучат да тужат против Република Македонија“*, вели адвокатот Филип Медарски.

## 3.3. Случајот со нападнат снимател талка низ судски лавиринти две години

Од распитите на новинарите, снимателите и фоторепортерите кои обвинителството тврди дека ги повикало да сведочат, само за еден нападнат е процесуиран случај. Никола Ордевски на 27 април е на работна задача како снимател во Собранието. Кога разгневената толпа влегува во прес салата тој е веќе присутен и ги документира насилствата, се до моментот кога му е зададен тежок удар во пределот на главата и ноќта завршува на скопските клиники со потрес на мозокот. Повеќе детали Ордевски споделува и во обвинителството, но и понатаму во судница.

На 16 мај 2018 година скопското обвинителство го поднесува првото и засега единствено обвинение против едно лице напаѓач, Илија Петрушевски и еден оштетен снимател, Никола Ордевски. Процесот против Петрушевски се води за кривичното дело „Насилство". Во овој случај како сведоци се појавуваат и премиерот Зоран Заев и министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски.

По повеќе од една година предметот се наоѓа во доказна постапка (декември 2019) и нема судска разрешница. Една од причините за одолговлекување е Законот за амнестија кој едногласно со 95 гласа „за" беше изгласан во Собранието во декември 2018 година. Меѓу оние кои побараа милост од судот е и Илија Петрушевски. Законот не предвиде имиња и презимиња, кој се ќе се спаси од кривичен прогон, но беше

известно кој не може да се спаси. Меѓу нив е Илија Петрушевски кој беше одбиен за амнестија. Најголем дел амнестирани беа во најтешкиот случај.

Од 33 обвинети за терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста, составот на обвинети беше преполовен на 18 лица.

Позитивно мислење по барањата за амнестија, добија петтемина пратеници – Крсто Мукоски, Љубен Арнаудов, Сашо Василевски, Јохан Тарчуловски и Љупчо Димовски, организаторите на иницијативата „За заедничка Македонија" -Богдан Илиевски, Владо Јовановски и Борис Дамовски, вработените во кабинетот на тогашниот собраниски спикер Иван Цветановски и Елена Доцевска-Божиновска, браќата Стефан и Михаил Младеновски кои први открија детали за организацијата на крвавиот четврток и Захарије Симовски, Илија Славевски и Митре Питроповски, претставници од патриотските здруженија.

*- Член 1*
*(1) Со овој закон се ослободуваат од кривично гонење, се запираат поведените кривични постапки и целосно се ослободуваат од издржување на казната затвор ( во натамошниот текст: "амнестија") лицата за кои постои основано сомневање дека сториле кривично дело поврзано со настаните во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година...*

*4) Овој исклучок не се однесува на сторители на кривичното дело* ***„Насилство" од член 386 од Кривичниот законик****, како и сторители на кривичното дело „Здружување заради непријателска дејност" од член 324 од Кривичниот законик во врска со членовите 18, 19, 23 и 24 од Кривичниот законик. (извадок од Закон за амнестија на лицата осомничени, обвинети и осудени за собраниските настани од 27 април 2017 година)*

Иако нема амнестија, процедурите на поднесување на барањата, во еден кус период го одолговлекуваат овој судски процес. Обвинителката Павловиќ објаснува дека ова е единствениот случај во има оштетен претставник од медиумите, бидејќи е лоциран напаѓачот.

> *„Ордевски Никола е повикан и на записник и на главен претрес во судот бидејќи за него се знае кој и како го повредил . Ги гледавме снимките и ние дадовме насоки а полицијата понатаму го идентификуваше. Овој напаѓач не е со фантомка и лесно можел да биде препознаен“*, вели обвинителката Павловиќ.

## 3.4. Патот до правдата е покус во граѓанска постапка

Чекајќи ја правдата во Кривичниот суд, сниമателот од информативната агенција „Макфакс"  Никола Ордевски и неговата колешка, новинарката Габриела Димовиќ Мишевска во меѓувреме поднесуваат тужби за надомест на штета како повредени и оштетени за време на извршувањето на работните задачи во Собранието. Отштетното побарување на Мишевска е во износ од 350.000 денари поради претрпен стрес, а Ордевски пријавува оштета од 450.000 евра бидејќи бил и физички нападнат.

> *„Тужбата до Основниот граѓански суд во Скопје е поднесена на 11 декември 2019 година за двајца медиумски претставници. Изготвени се медицински вештачења, меѓу кои и извештај од невропсихијатар. Ги поднесовме по основа на Законот за облигациони односи, дека во случај на акти на насилство или терор при јавни демонстрации или манифестации одговара државата. Од истиот закон за претрпени физички душевни болки, повреда на права на личност им следува надомест на штета и врз таа основа очекуваме државата да исплати. Тужителите биле присутни во Собранието и покрај збунетоста, вознемиреноста почувствувале и страв“*, вели адвокатот Звонко Давидовиќ.

## 3.5. Озаконување на безбедноста на новинарите

Долгите судски постапки се причина поради која новинарите се повеќе ја губат довербата во правдата во случаи кога тие се жртви. Прашањето кое треба да го реши и подигне нивото на безбедност е се уште отворено. Главните заложби после крвавото сценарио во Собранието на 27 април на новинарските здруженија ЗНМ и ССНМ се насочени кон промена на легислативата во делот на заштитата. Се бараат решенија кои ќе гарантираат побезбедни денови во делокругот на новинарските известувања. Едно од размислувањата е и преку интервенција во Кривичниот законик (КЗ), во делот на заштитата на ниво на службени лица. Но, не и да се изедначува терминолошки, бидејќи на тој начин во пакет со правата, би се наметнале истите обврски и одговорности кои ги имаат службените лица.

> *„Неопходно е да се зголеми кривично-правната заштита на новинарите и тоа на начин да тие уживаат идентична заштита како службените лица при извршување на нивната професија. За остварување на оваа цел, најсоодветно е да се интервенира во Посебниот дел на Кривичниот законик и кај сите оние дела кај кои постои потенцијална опасност од загрозување на новинарите, да се предвиди квалификуван, потежок облик доколку оштетениот е новинар, кој ја работи професијата“*, вели адвокатот Филип Медарски.

Со посредство на ОБСЕ, работна група во организација на Министерството за правда веќе работи на изготвување на нов КЗ, а се води и дискусија околу зајакнување на новинарските права во кривичната материја посочуваат од министерството за ова истражување.

> *„Ова прашање е отворено во работната група која работи на изготвување на новиот Кривичен законик. Се разгледува заедно со претходни прашања кои опфаќаат на кој начин ќе се утврдува статусот новинар во судска постапка, особено во електронски медиуми“*, велат од Министерството за правда.

Едниот аспект по прашањето на безбедноста е дека новинарите природно не припаѓаат на групата на службени лица, туку дека нивната позиција во општествениот живот во корелација со КЗ е „лице кое врши работи од јавен интерес", како и лекарите, адвокатите, наставниците...

Една од непосакуваните варијанти е доколку новинарите добијат статус на службени лица, постои опасност да им се наметнат кривично-правни дејствија па така би се постигнала спротивната цел. Влегувајќи во групата на службени лица, новинарите би одговарале и за злоупотреба на службената положба, дело за кое пропишаната казна е над шест месеци затвор.

Идентификацијата на новинарите како службени лица би ја зголемиле можноста на органите на прогонот да користат и Посебни истражни мерки (ПИМ) против новинари. Во крајна линија слободата на изразување би ја изгубила смислата, бидејќи со тој статус на „службени лица", очекувано се наметнува и кривичната одговорност за напишан текст, нешто Македонија го остави зад себе во 2012 година.

Еден од најповолните аспекти е заштитата на новинарите како лица кои се најекспонирани во кризни ситуации да се подигне на повисоко ниво со дополнување на конкретни кривични дела (загрозување на сигурноста, насилство, напад на службено лице итн.) во кои како жртви или објект на напад се појавуваат новинари, а тој напад да се изедначи со висината на казните како да е извршен напад врз службено лице.

На ваков начин новинарите- жртви на кривично дело кои веќе се водат како „лица кои вршат јавен интерес" би се изедначиле со службените лица-жртви, а да не одговараат како извршители на кривични дела од службена должност.

Здружение на новинарите на Македонија

www.znm.org.mk